Авто Картинг Клуб "Никола Карев"
ж-ска: 290-1000006515-95
Депонент: ТТК Банка а.д. Скопје
Даночен број: 4030007635037
бул. Јане Сандански бр.11/4-9
п.фах 1157 Скопје
тел.: +389 71 30 60 30; 30 70 30 ; 30 70 90
факс: +389 2 3 22 88 93

**До:** Дисциплинска комисија на АФМ преку Дисциплинскиот судија Златко Илиевски
**Предмет:** ЖАЛБА
**Жалител:** Никола Попевски, бул. Јане Сандански бр.11/4-9 Скопје, натпреварувач на АКК Никола Карев
**Наш бр.:** 009-2009
**Дата:** 28.04.2009

# Ж А Л Б А

Против одлуката број 56/2009 од 07.04.2009 донесено од страна на дисциплинскиот судија Златко Илиевски како првостепен орган на АФМ

Одлуката е неоснована и незаконита од следниве причини :

1. Погрешно утврдена фактичка состојба.
2. Погрешна примена на материјалните прописи.

Целокупната фактичка состојба е погрешно утврдена од страна на првостепениот дисциплински судија и покрај обемниот доказен материјал кој му беше доставен во текот на водењето на дисциплинската постапка, како и покрај доказниот материјал доставен заедно со жалбата до второстепената дисциплинска комисија од 10.02.2009, број на АФМ 09/2009.

Доказ : 1. Жалба до дисциплинската комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. на АФМ 09/2009 со сите нејзини докази (истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

Имено во диспозитивот на одлуката дисциплинскиот судија најпрво по точка 1 ме казнува за груба повреда на спортските правилници која има за последица попречување и сметање на нормално одвивање на натпреварот.

Доказ : 2.Одлука бр.56/2009 од 07.04.2009

Во образложениeто на одлуката не е наведено на кој начин е извршена грубата таква повреда на спортските правилници поради што истата е неоснована. Имено, натпреварот во ниту еден случај не беше попречен од моја страна и се се одвиваше во нормален ред. Доколку обвинувањето би било точно, натпреварот би бил прекинат или пак би имало застој на истиот, но како резултат на моето однесување.

Авто Картинг Клуб “Никола Карев”
ж-ска: 290-1000006515-95
Депонент: ТТК Банка а.д. Скопје
Даночен број: 4030007635037
бул. Јане Сандански бр.11/4-9
п.фах 1157 Скопје
тел.: +389 71 30 60 30; 30 70 30 ; 30 70 90
факс: +389 2 3 22 88 93

Доказ : 3. Извештај за оценката од делегатот за текот на Меѓународниот кружен натпревар Скопје 1-2008 ( молиме да го побарате по службена должност бидејќи истиот не ни е достапен)

По точка 2 од диспозитивот на горенаведената одлука сум обвинет и казнет за карање и пцости. Истото ова обвинение е повторно неосновано бидејќи изјавите на главниот судија на натпреварот Скопје 1-2008 се побиени со видеоснимката од моето натпреварувачко возило која ви беше доставена како доказен материјал и од која видеоснимка на јасен и недвосмислен начин се гледа дека не постојат никакви пцости и караници.

Доказ :4 Видеоснимка од моето натпреварувачко возило која веќе ви е доставена со жалбата до дисциплинската комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. на АФМ 09/2009

По точка 3 од диспозитивот на горенаведената одлука сум обвинет и казнет поради упорно одбивање на извршување на дадените наредби од извршни функционери според член 40 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот. Истото тврдење е носновано и неточно поради фактот што од една страна по истакнувањето на црната табла со портокаловиот круг јас влегов во пит стопот каде се изврши котЃрекција на мојот делумно откачен ауспух и по истата бев пуштен од судијата во пит стопот да го продолжам натпреварот, а од друга страна истакнатите плави знамиња беа испочитувани со тоа што и двете возила кои ме пристигнуваа за еден круг, односно возилата со стартен број 1 и стартен број 8 беа пропуштени од моја страна.

Доказ : 5.Видеоснимка од моето натпреварувачко возило која веќе ви е доставена со Жалбата до дисциплинскта комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. На АФМ 09/2009
6.Изјава од натпреварувачот Александар Тодоровски со возило со стартен број 8
7.Изјава од натпреварувачот Виктор Давитковски со возило со стартен број 1

Освен што со оваа одлука е извршено погрешно утврдување на фактичката состојба, истотака истото е неосновано и ништовно и поради погрешна примена на материјалните прописи.

Најпрво, дисциплинската постапка треба да биде водена и окончена со одлука од страна на дисциплински судија кој според член 11 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот ќе биде именуван од страна на Собранието на АФМ. Досега на ниту една одржана седница на Собранието на АФМ не е дискутирано ниту пак одлучувано од страна на членовите на Собранието на АФМ по повод ова прашање. Истотака не постои никаква одлука со која истиот би бил назначен за вршењето на оваа функција.

Доказ 8.Записник од одржаната седница на Собранието на АФМ за текот на седницата на 10.03. 2008 година

Според член 32 и 33 од Општиот правилник за авто и картинг спорт на АФМ својството спортски функционер се стекнува со зачленување во организација на АФМ и регистрација кај надлежниот орган за авто картинг спорт во организацијата на АФМ и со здобивање со соодветна функционерска лиценца. Својство спортски функционер индивидуално може да се стекне и лице член на АФМ со претходно положен соодветен испит. Сите спортски функционери пред добивањето на функционерска лиценца задолжително полагаат соодветен испит пред стручна комисија....

Доказ 9. Член 32 и 33 од Општиот правилник за авто и картинг спорт на АФМ

Врз основа на горенаведените членови логично произлегува заклучот дека дисциплинскиот судија Златко Илиевски не поседува функционерска лиценца поради фактот дека во текот на 2008 година не бил организиран семинар за спортски функционери ниту пак било одржано полагање на соодветниот испит како би можел да се стекне со потребната лиценца. Оттука произлегува констатацијата дека истиот не е надлежен ниту пак има овластување за водење на дисциплински постапки и донесување на одлуки по повод таквата постапка, што всушност претставува формален недостаток на решението и е причина за ништовност на истото.

Она што е особено значајно во врска со ова решение и што го прави ништовно е и фактот дека решението не е донесено во постапката која е предвидена согласно членовите од 20-28 во делот дисциплинска постапка од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот. Според член 23 дисциплинскиот судија е должен во рок од 30 дена да од денот на изрекување на суспензијата да одлучи за покренување на дисциплинска постапка или за престанок на суспензијата. Според член 25 се вели дека треба да се донесе решение за водење на дисциплинска постапка.

Спротивно од ова, по изминувањето на триесет дена од изрекувањето на суспензијата, од мене беше побарано доставување на докази за на крај да ми биде донесено решение со кое сум казнет број 03-2009 од 04.12.2008 наместо горенаведеното решение за водење на дисциплинска постапка. Самото ова укажува на незапазувањето на предвидената процедура од страна на дисциплинскиот судија и немањето на правен основ за донесување на крајното решение со кое бев казнет. Ова е уште една причина за ништовност на решението.

Според член 40 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот според кој сум и казнет во точка 3 од диспозитивот на обжалената одлука се вели дека дискфалификација се изрекува на натпреварувачите, пилотите, спортските функционери и други физички лица за упорно одбивање на извршување на дадените наредби од извршните функционери, по што дошло до незгода на натпреварот со потешки последици или сл.

Во овој член јасно е укажано на фактот дека за ваков прекршок може да се изрече дискфалификација само доколку дошло до незгода на натпреварот со потешки последици како резултат на упорното одбивање на извршување на дадените наредби.

Авто Картинг Клуб “Никола Карев”
ж-ска: 290-1000006515-95
Депонент: ТТК Банка а.д. Скопје
Даночен број: 4030007635037
бул. Јане Сандански бр.11/4-9
п.фах 1157 Скопје
тел.: +389 71 30 60 30; 30 70 30 ; 30 70 90
факс: +389 2 3 22 88 93

Бидејќи до таква незгода со потешки последици воопшто не дошло, за што говори и ненаведувањето на такво нешто од страна на дисциплинскиот судија, по овој член не може да ми биде изречена дисквалификација на натпреварот, а со тоа и парична казна во износ од 300 евра според член 36 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот.

Доказ 10. Член 40 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот.

Истата одлука е крајно конфузна, недоволно образложена, воопшто непоткрепена со факти и аргументи кои би требало да бидат наведени во образложението на одлуката. Поради сето ова истата не е доволно јасна туку збунувачка и не е издржана.

Врз основа на горенаведенета, јасно формулирана, образложена и доказно документирана фактичка состојба, а користејќи го моето право на жалба, од надлежниот второстепен орган- дисциплинската комисија при АФМ барам да се поништи одлуката од 07.04.2009 година, донесена од страна на дисциплинскиот судија на АФМ, број на АФМ 56/2009 , да се укине изречената главна казна забрана за вршење на функции и учество на домашни и меѓународни натпревари во сите дисциплине во авто и картинг спортот во траење од 15 месеци и споредната парична казна во износ од 300 евра, случајот повторно да се земе на решавање од страна на дисциплинската комисија на АФМ како второстепен орган, да се донесе праведно решение со кое овозможува настап на сите натпревари,се наредува исплатување на надомест на штета за нереализираниот настап на натпреварот Водно-2 2008 и за понижувачкиот, омаложувачки и деградирачки третман на кој беше изложен натпреварувачот Никола Попевски, како и за клевета во висина од 200.00,00 денари и да се донесе одлука за поведување на дисциплинска постапка и утврдување на постоење на дисциплинска одговорност од страна на сите функционери замешани во случајот кои извршија злоупотреба на функцијата.

Иако според член 51 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот сите жалби мора да бидат решени од страна на второстепениот орган во рок од 21 ден од денот на приемот, би ве замолил за итно решавање по мојата жалба и донесување на правично решение во најбрз можен рок поради престојниот натпревар во автомобилизам на ридски патеки кој треба да се одржи на 09-10 мај 2009 година на Водно.

Истотака би сакал да ве замолам да бидат земени предвид и фактот дека досега не сум бил воопшто обвинет за никакви прекршоци ниту пак казнуван, како и фактот дека не само што сум погрешно и неосновано обвинет за сите обвиненија туку и дека кога истите би биле вистинити и основани, не би биле предмет на казнување со толку строги казни.

Жалител :
Никола Попевски

________________________

Матичен клуб
АКК Никола Карев

Авто Картинг Клуб “Никола Карев”
ж-ска: 290-1000006515-95
Депонент: ТТК Банка а.д. Скопје
Даночен број: 4030007635037
бул. Јане Сандански бр.11/4-9
п.фах 1157 Скопје
тел.: +389 71 30 60 30; 30 70 30 ; 30 70 90
факс: +389 2 3 22 88 93

# ДОКАЗИ

Авто Картинг Клуб "Никола Карев"
ж-ска: 290-1000006515-95
Депонент: ТТК Банка а.д. Скопје
Даночен број: 4030007635037
бул. Јане Сандански бр.11/4-9
п.фах 1157 Скопје
тел.: +389 71 30 60 30; 30 70 30 ; 30 70 90
факс: +389 2 3 22 88 93

**ДОКАЗ БР.1:** Жалба до дисциплинската комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. на АФМ 09/2009 со сите нејзини докази (истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

**ДОКАЗ БР.2:** Копија од одлука бр.56/2009 од 07.04.2009

**ДОКАЗ БР.3:** Извештај за оценката од делегатот за текот на Меѓународниот кружен натпревар Скопје 1-2008 ( молиме да го побарате по службена должност бидејќи истиот не ни е достапен)

**ДОКАЗ БР.4:** Видеоснимка од моето натпреварувачко возило која веќе ви е доставена со жалбата до дисциплинската комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. на АФМ 09/2009 (истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

**ДОКАЗ БР.5:** Видеоснимка од моето натпреварувачко возило која веќе ви е доставена со жалбата до дисциплинската комисја при АФМ, доставена на ден 10.02.2009, бр. на АФМ 09/2009 (истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

**ДОКАЗ БР.6:** Изјава од натпреварувачот Александар Тодоровски со возило со стартен број 8 (истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

**ДОКАЗ БР.7:** Изјава од натпреварувачот Виктор Давитковски со возило со стартен број 1(истите се веќе доставени во АФМ, при што би ве замолил да ги побарате по службена должност)

**ДОКАЗ БР.8:** Записник од одржаната седница на Собранието на АФМ за текот на седницата на 10.03. 2008 година ( молиме да го побарате по службена должност од архивата на АФМ)

**ДОКАЗ БР.9:** Член 32 и 33 од Општиот правилник за авто и картинг спорт на АФМ

**ДОКАЗ БР.10:** Член 40 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто и картинг спортот.